# Билал ибн Ребах
# Исламот и борбата против расната дискриминација

الإسلام ومكافحة التمييز العنصري – قصة إسلام الصحابي الجليل
بلال بن رباح رضي الله عنه (باللغة المقدونية)


**Абд Ер-Рахман бин Абд Ел-Керим Еш-Шејха**

د. عبد الرحمن بن عبد الكريم الشيحة



***Преведе:***

**EUROPEAN ISLAMIC RESEARCH CENTER (EIRC)**

المركز الأوروبي للدراسات الإسلامية

***& Талха Куртиши***

***Рецензија: Џевад Хот***

**www.islamland.com**



ISLAM LAND
GROW GOODNESS BY YOUR HAND
EXPLORE ISLAM IN ALL LANGUAGES
WWW.ISLAMLAND.COM

# Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот

Во времето на доминацијата на незнаењето, на владеењето на законот на џунглата, на обожување на идоли, хранење со мрши, времето на неморал, на кинење на роднинските врски, на доминација на расната дискриминација, на класната поделба при што секоја класа се одликува со особености и претендирани посебности. Во времето кога појакиот му нанесуваше неправда на послабиот, на безмилосно искористување на сиромашните од страна на богатите, на меѓусебно поробување, светот го исполни светлото на пратеништвото на Божјиот пратеник Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, повик кој силно одекна и се рашири со брзина на огнот помеѓу сувите дрва, и потполно ги промени критериумите кои преовладуваа во тоа време. Овој повик наиде на неприфаќање затоа што не беше во склад со желбите и страстите на многумина и истите покажаа отворено непријателство кон него. Му се спротивставија неправедниците, тираните и тие кои на недозволен начин го присвојуваа туѓиот труд. Причината е во верозаконот кој Тој, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него,* ни го достави, а кој се темели врз монотеизам (теухид). Целта на шеријатот беше ослободување на човек од робување некому освен на Аллах Севишниот. На тој начин човечкиот дух беше ослободен од потчинетост и ропство. Со овој верозакон се објавува војна против незнаењето, против јавните и тајните гревови, кон неморалноста, кој забранува неправдата и ги укинува сите поделби кои доминираа во тоа општество а кои се темелеа врз расните, половите и националните разлики. Овој систем на прописи го поставува човекот на местото кое Бог му го одредил, почестувајќи го

и спасувајќи го од понижението и од деградацијата на оние кои го потчиниле. Му се враќаат сите права кои му биле одземени од крвопијците.

Пред да биде пратен Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, луѓето обожувале човечки битија, камења, скулптури и резбарено дрво. Човек го поробувал својот брат, преку наметнатите неправични економски и општествени системи, го обезвреднувал неговиот труд и го газел неговото достоинство, му го одземал она кое со пот го заработувал. Исламот одлучно им се спротивставил на оние системи кои неправедно ја поттикнуваат класната поделеност во општеството. Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, вели: „*Луѓе, еден е вашиот Господар, еден е вашиот татко, Арапот не е повреден од неарап, ниту пак тој што не е арап е повреден од арап. Тој со црвена кожа не е повреден од тој со црна кожа ниту пак тој со црна кожа е повреден од тој со црвена кожа освен според богобојазливоста.*“[1]

Светата книга на хиндуизмот односно брахманизмот поставила основа според која луѓето се вредносно категоризирани според нивната „суштина“ и првобитното потекло. Според нив кастата на брахмани (свештеници) е создадена од усните на Брахма (главно божество во нивната религија), кшатрите од неговите подлактици, кастата ваишу од неговата натколеница а кастата шудра од неговото стопало. Во нивните книги и професиите беа делени според поделбата на кастите. Најнечистите и најбезвредните професии им се доделуваа на тие кои беа од пониските слоеви со потекло од натколеницата или стапалото на

[1]Ахмед, Муснед. том 2, стр. 361 хадис бр. 8721. Хадисот е автентичен види: ЕсСахиха, бр. 2700 и СахихТергиб ве Терхиб, бр. 2963

Брахма. Нивните професии беа најобезвреднувани и се смета дека се создадени да им служат на брахманите.

И античките грци и римјани веруваа дека се создадени на начин кој се разликува од создавањето на другите народи кои ги нарекуваа варвари. За оваа дискриминација се изјаснил нивниот познат филизоф Аристотел кој потврдува: „Боговите создадоа човечки вид кој го одликуваа со разум и волја, а тоа се грците, создадени во потполна форма и тие се намесниците на боговите на земјата и владеат со другите народи. Другите народи не поседуваат ништо друго освен физичката сила и она што е директно поврзано со телото. Такви се варварите создадени непотполно од страна на боговите за да бидат потчинети робови на одбраната категорија на луѓе.[2]

На сличен начин евреите и христијаните, пред исламот, себеси се сметале за од Бога избран народ кој има посебна положба со која се разликуваат од другите. Нивната раса, според нив, е поинаква од таа на другите па поради тоа другите ги сметаат за народи кои се на пониско ниво од нив. Ги нарекувале „гоим“, термин кој го користеле како име на сите нееврејски народи, а кој значи неверници, идолопоклоници и нечисти! Сметаат дека имаат право да ги поробуваат и експлоатираат другите народи кои се на пониско ниво од нив со самото нивно создавање.

За ова зборува и Аллах, *субханеху ве те'ала*, во Куранот: „*Има следбеници на Книгата на кои доколку им довериш и товар богатство, ќе ти го вратат, а има и такви кои нема да ти вратат ако им довериш и само еден денар, освен доколку постојано не ги следиш. Тоа е така бидејќи тие велат: „Нам не ни е грев тоа што ќе им го сториме на*

---

[2]Аристотел во неговото дело „Политика„.

*неписмените“. – и за Аллах свесно говорат лаги!*“ (Али Имран, 75)

Ибн Кесир коментирајќи го овој ајет вели: Негирањето на правата на другите кај нив беше поттикнато од нивното убедување дека во нивната вера не е грев да се земе од имотот на неписмените (се мисли на арапите) и дека тоа им е дозволено од Бога.

Според нивното сфаќање другите народи се на пониско ниво и истите се создадени за да им робуваат на евреите. Аллах, *Возвишениот*, во својата Книга објаснува дека сите луѓе се исти и дека нема разлика помеѓу нив и дека се работи само за нивни пусти желби и претензии:

„*И евреите и христијаните велат: „Ние сме деца Божји и миленици Негови.“ Кажи: „Па тогаш зошто Тој ве казнува поради гревовите ваши?“ А не е така! Вие сте како и останатите луѓе кои Тој ги создава: кому сака Тој ќе му прости, а кого сака Тој ќе го казни. Аллахова е власта на небесата и на Земјата и на тоа што е помеѓу нив, и Нему сите ќе Му се вратат.*“ (Ел Маиде, 18)

И арапите, во времето на незнаењето, односно пред исламот себеси се сметале за народ со потполни особини на човештвото. Другите народи ги нарекувале „аџем“ што значело дека се помалку вредни, народи на пониско ниво и со непотполност од аспект на човечки одлики. Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, ја објаснил грешката во нивното убедување и во нивното размислување. Неговиот говор е факел кој го осветлува патот кој треба да се следи како модел на почитување на другите и на непотценување на останатите, еден темелен принцип на учењата на исламскиот верозакон. Една од целите на објавата на исламот била и елиминацијата на оваа поделба и на принципите на расизмот и шовинизмот.

Ибн Омер, *Аллах нека е задоволен со него*, пренесува дека Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, рекол: „*Видов големо стадо на црни овци како се мешаат со големо стадо на бели овци. Го прашаа како го толкуваш (овој сон), Божји пратенику. Тој рече неарапите ќе се помешаат со вас во верата и во вашиот сој. Тие повторно зачудено прашаа: Неарапите!? Тој одговори: Кога иманот би бил високо прикачен на ѕвездите на соѕвездието Плејади ќе го достигнеа и ќе беа среќни со него.*“[3]

Луѓето се како метали сите имаат свои особености по кои се разликуваат, но тоа нема врска со основата на нивното создавање и развој. Апсолутно совршен е само Бог, непотполноста е човечка природа освен кога се работи за одбраните Божји пратеници, *Аллаховиот благослов и мир нека се со нив*. Овој принцип беше длабоко вкоренет во убедувањата на муслиманите и влијаеше врз нивната праведност во односот кон останатите. Мустеврид Ел Куреши, *Аллах нека е задоволен со него*, во присуство на Амр ибн Ас, *Аллах нека е задоволен со него*, рекол дека го слушнал Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, како вели: „*Ќе настапи судниот ден кога византијците ќе бидат најбројни. Амр ибн Ас го прашал дали си сигурен во тоа кое го велиш, а тој му одговорил: Да ова го слушнав од Божјиот пратеник, Аллаховиот благослов и мир нека се со него. Тогаш Амр потврдувајќи го неговиот говор рекол: Кога би ги спомнал и овие нивни особини: смиреност при искушение, брзо совземање по истото, брзи се во повторно напаѓање по пораз и најдобри се кон сиромашните, сираците и слабите, а петта нивна*

---

[3]Мустедрек на Хаким, том 4 стр.437 и ЕсСахиха бр. 1018.

*убава особина е спречувањето на неправдите која доаѓа од нивните кралеви.*“ [4]

Една од целите на мисијата на Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, беше да се укине оваа омразена расна и класна дискриминација и слободата беше принцип кој верозаконот на исламот им го гарантираше на сите луѓе според правилата на истиот тој верозакон практикуван од праведните калифи кои не правеле разлика помеѓу владетелот и потчинетиот, помеѓу богатиот и сиромавиот.

Енес, *Аллах нека е задоволен со него*, ни раскажува за египќанецот кој дошол кај владетелот на муслиманите Омер ибн Хаттаб, *Аллах нека е задоволен со него*, и му рекол: Од тебе барам да ме заштитиш од неправда.

Омер, *Аллах нека е задоволен со него*, му одговорил бараш заштита од тој што може да ти ја пружи.

Египќанецот му рекол како во трка го победил синот на Амр ибн Ас кој во тоа време управувал со Египет па овој го удрил со камџик и му рекол јас сум потомок на одбраните!!!

Омер, *Аллах нека е задоволен со него*, му испратил писмо на Амр ибн Ас и му наредил заедно со неговиот син да дојдат во Медина.

Кога пристигнале Омер прашал: Каде е египќанецот?

Кога дошол му рекол земи го камџикот и удри го потомокот на одбраните. Енес, *Аллах нека е задоволен со него*, вели тогаш почна да го удира и ние го сакавме тоа негово удирање (бидејќи беше правда) и не престана се додека ние не посакавме да престане.

---

[4]Муслим, том 4 стр. 2222.

Потоа Омер, *Аллах нека е задоволен со него*, му рече на египќанецот сега удри по местото без влакна од главата на Амр ибн Ас, а тој му рече: Владетелу на правоверните, неговиот син е тој што ме удри а јас нему му вратив. Тогаш Омер, *Аллах нека е задоволен со него*, му рече на Амр: „*Од кога ги поробивте луѓето кои се родиле слободни.*“(Ибн Абдул Хакем)

Исламот повикува на еднаквост помеѓу сите припадници на човечкиот род, секој човек е еднаков со неговиот брат човек, без оглед на несогласувањата и разликите. Сите имаат еднакво потекло и ист начин на создавање, мажите и жените, белата и црната раса, арапите и неарапите и ова многу јасно и гласно го тврди Куранот кој ни го достави Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*: „*О, луѓе плашете се од Господарот свој, Кој од еден човек ве создаде, од кого жената како пар негов ја создаде, а од нив двајца многу мажи и жени расеа! Плашете се од Аллах, со Чие име едни со други се замолувате и роднинските врски чувајте ги!*“ (Ен Ниса, 1)

Основата на човечкиот род е иста, нивниот развиток е еднаков и потеклото им е едно. Татко на сите е Адем, *Божјиот мир нека е со него*, како што многу јасно тврди Куранот: „*Случајот со Иса кај Аллах е навистина ист како случајот со Адем: од земја го создаде, а потоа му рече: „Биди!“ – и тој би.*“ (Али Имран, 59)

Адем, Божјиот мир нека е со него, потоа е основа за размножување и распространување на човечкиот род на земјата: „*Еден од доказите Негови е тоа што од земја ве создаде, и одеднаш, луѓе, секаде ве има распространети;*“ (Ер Рум, 20)

Сите луѓе се потомци на еден татко и една мајка па затоа никој не е повреден од друг од аспект на потеклото и

основата на неговото создавање. Најпрво е создаден Адем, таткото на човештвото, па од него Хава, мајката на човештвото и од нив преку размножување се создале луѓето и народите и тој процес ќе продолжи се до моментот на Божјата одредба, судниот ден, кога ќе престане создавањето на нови луѓе. Како тогаш некој се смета за повреден од друг, како понижува, поробува и потценува некого кој има исто потекло со него!? Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, вели: „*Аллах ја отстрани од вас вообразеноста (надменоста) од времето на незнаењето и гордеењето со татковците. Луѓето се два вида побожен верник и несреќен грешник. Луѓето се потомци на Адем а Адем е создаден од земја.*“[5]

Аллах, *Славениот и Возвишениот*, вели: „*Луѓето сочинуваа една заедница, а потоа се спротивставија еден против друг. А да не беше претходно изречениот Збор од Господарот твој, на нив веќе ќе им беше пресудено затоа зашто не се согласуваа.*“ (Јунус, 19)

Сите луѓе, тие што постојат сега, што живееле порано и кои ќе бидат создадени во иднина имаат исто потекло, имале една вера и еден ист јазик. Со нивното размножување и зголемување на нивниот број тие се распространиле низ земјата и неизбежни беа разликите во јазикот, расата, природата, како неизбежна последица на влијанието на околината. Се појавија разлики во начинот на размислување, во начинот на живеење и во верските убедувања. Поради таа причина Аллах испраќал Божји пратеници, *Аллаховиот мир нека е со сите*, за да ги вратат луѓето кон единствената основа, да го обожуваат единствениот Бог, кому никој не му е рамен. Аллах,

---

[5]Ахмед во својот Муснед, том 2 стр. 361 хадис број 8721. Сахихул Џами' хадис бр. 5482 и ЕсСахиха бр. 2803.

*субханеху ве те'ала*, вели: „*Ние на секој народ Пратеник му испративме: „Само Аллах обожувајте Го, а тргнете се од тагутот! "И меѓу нив имаше од тие на кои Аллах на Вистинскиот пат им укажал, а и од тие што заслужиле да останат во заблуда. Затоа патувајте по светот за да видите како завршија тие што Пратениците за лага ги обвинуваа.*" (Ен Нахл, 36)

Исламот не придава значење на надворешниот изглед на луѓето, затоа што Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, вели: „*Можно е неисчешланиот, правливиот, тој со две стари облеки, кого луѓето не сакаат да го гледаат (поради надворешниот изглед), да се заколне (дека нешто ќе се случи) па Аллах тоа да му го потврди.*"[6]

Тој, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, исто така рекол: „*Можно е неисчешланиот, кого го бркаат од пред врата, да се заколне со Аллах за нешто па Аллах тоа да му го потврди.*"[7]

Имајќи во предвид дека ќе има и такви кои разликите во бојата на кожата, потеклото и расата сакаат да ги искористат за да ја промовираат класната поделеност и дискриминација, исламот тоа го спречува преку објаснување од говорот на Божјиот пратеник,*Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, за расните разлики помеѓу луѓето: „*Аллах го создал Адем од различни видови на земја па затоа има (луѓе кои се) црвени, црни, бели и жолти и од тие помеѓу (овие бои). Има благи, груби, нечесни и добри.*" [8]

Сите луѓе без оглед на нивната раса, боја на кожа, јазик, место на живеење се во еднаква положба пред Бога освен од аспект на разликите поврзани со богобојазливост и

[6]Мустедрек на Хаким, том 4 стр.364.
[7]Муслим.
[8]Сахих Ибн Хиббан, том 14 стр. 29 хадис бр. 6160.

покорност кон Бога и од аспект на волјата да се направи добро и да се биде корисен за заедницата. Аллах, нашиот Господар, вели: „*О, луѓе, Ние од еден маж и од една жена ве создадовме и на народи и племиња ве поделивме за да се запознавате. Најугледен кај Аллах е тој што најмногу се плаши од Него; Аллах, навистина, се знае и ништо не Му е скриено.*“ (Ел Хуџурат, 13)

Бог создал различни народи и племиња, не со цел да воздигне еден народ или едно племе над друг народ и друго племе, туку со цел да се разликуваат помеѓу себе и да се запознаваат. Таков е примерот и на единките, секој има лично име со кое се разликува од другиот и преку кое е познат кај останатите.

Аллах, Господарот на световите, вели: „*Ние навистина ги одликувавме синовите на Адем: им дадовме по копно и по море да патуваат, и ги снабдивме со вкусни јадења, и им дадовме големи предности над мноштвото кои сме ги создале.*“ (Ел Исра, 70)

Оваа чест е општа за целиот човечки род и не е издвоена некоја раса над друга ниту пак некоја група е по повластена од друга.

Аллах, *Возвишениот*, вели: „*Тој ве направи едни по други на Земјата да се сменувате и Тој според положбата едни над други ве издигнува за да ве искуша во тоа што ви го дава.*“ (Ел Енам, 165)

Сите луѓе, без исклучок, се создадени за да го обожуваат Аллах за да ја населуваат оваа планета и да ја извршат должоста на намесник како што Аллах појаснува во овој курански цитат. Разликите помеѓу нив се однесуваат на она што го поседуваат, на моралот, на добрите или лошите особини, на изгледот, формата и бојата, но сите имаат исто потекло и единствен начин на создавање. Во еден курански

ајет стои: „*Зарем тие да расподелуваат милоста на Господарот твој? Ние им даваме се што им е потребно за животот на овој свет и Ние едните над другите ги издигнуваме за неколку степени, за да меѓусебно се служат.*“ (ЕзЗухруф, 32)

Врз основа на оваа еднаквост која ја втемелил исламот сите луѓе се еднакви во овие точки:

1. Сите имаат еднакви легитимни права без оглед на нивната раса, потекло или боја на кожа. Сите уживаат во слободата која е уредена според правилата на верата и не е безгранична слобода која ја промовира модерниот свет а која има многу горчливи последици. Во многу општества е видлива таа дегенерација претставена преку фактот дека многу луѓе не ги познаваат своите родители поради распространетоста на блудот, затворите се преполни со криминалци кои извршиле сексуални, економски и општествени насилства...

Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, вели: „*Луѓе, еден е вашиот Господар и еден е вашиот татко, арапин не е повреден од неарапин, ниту пак неарапинот е повреден од арапин, црвениот не е повреден од тој со црна боја, ниту пак црнецот е повреден од тој со црвена боја (на кожата), освен според богобојазливоста.*“[9]

2. Сите луѓе се еднакви пред прописи на верата без оглед на нивната раса, потекло, пол и боја на кожата. Аллах, *субханеху ве те'ала*, вели: „*Аллах ви наредува доверливите работи да им ги давате на тие што се достојни за нив, а кога на луѓето им судите – праведно да судите. Аллаховиот*

---

[9]Муснед на имам Ахмед, том 2 стр. 361 хадис бр. 8721, ЕсСахиха бр. 2700, СахихТергиб ве Терхибхадис бр. 2963.

*совет навистина е прекрасен и Аллах навистина сè слуша и сè гледа.*“ (Ен Ниса, 58)

Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, рекол: „*Луѓе, народите пред вас беа уништувани затоа што кога некој угледен ќе украдел нешто, не го казнувале со отсекување на раката, а кога тоа ќе го направел некој слаб (сиромашен) ја извршувале казната. Се колнам во Аллах, кога Фатима ќерката на Мухамед би украла, би и ја отсекол раката.*“[10]

3. Тие исто така се еднакви од аспект на одговорност, награда и казна. Аллах, *Возвишениот*, вели: *„... тој што дури и трошка добро ќе стори – ќе го види, и тој што дури и трошка зло ќе стори – ќе го види!*“ (ЕзЗилзал, 7-8)

4. Тие се еднакви и од аспект на нивното почитување и се забранува навредувањето поради расата, полот, идеологијата и верувањата кои ги следи. „*Не навредувајте ги тие на кои, покрај Аллах, им се молат, за и тие да не Го навредат Аллах, неправедно и не размислувајќи што зборуваат. Како и на овие, така на секој народ постапките нивни им ги претставувавме како убави. Тие, накрајот, на својот Господар ќе Му се вратат, па Тој ќе ги извести затоа што го работеле.*“ (Ел Енам, 108)

5. Тие се еднакви и од аспект на светост и неповредливост на нивниот живот, имот и чест. Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, вели: „*Вашите животи, вашите имоти и вашата чест, се свети помеѓу вас како што е свет овој ден, свет овој месец и свето ова место (деветиот ден на ЗулХиџе на Арефат).*

[10]Муслим

*Присутнот нека му пренесе на тој што не е присутен, затоа што е можно тој подобро да го разбере.*“[11]

6. Тие се еднакви и по прашање на преземање на управни позиции во општеството врз основа на заслуга, способност и квалификација. Адиј Ел Кинди, *Аллах нека е задоволен со него*, вели дека го слушнал Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, како вели: „*Луѓе, ако некого ангажираме за некоја работа па потоа му скриеме нешто, макар колку игла и повредно, тоа се смета за кражба (измама) и на судниот ден ќе биде посрамен со тоа дело*.“ Тогаш стана еден црн човек, како сега да го гледам, мислам дека беше од енсариите и рече: Божјиот пратенику ослободи ме од должност по што Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, го праша за причината. Човекот одговори дека се плаши поради она кое го спомнал Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*. Тогаш Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, потврдил: „*Секој кого сме го ангажирале за некоја работа нека работи колку што може, па она кое ќе му се даде (како надомест) нека го прими а она кое нема да му се даде нека не го бара.*“[12]

7. Тие се еднакви и од аспект на користење на добрата и ресурсите кои Бог ги создал на Земјината топка. Аллах, Создателот, вели: „*О, луѓе, јадете од тоа што е на Земјата, што е дозволено и убаво. И не следете ги шејтановите стапки бидејќи тој ви е очигледен непријател!*“ (Ел Бекаре, 168)

8. Тие се рамноправни и во искажување на верувањето во единствениот Бог. Исламот е објавена вера за

---

[11]СахихБухари, том 1 стр. 37.

[12] Сахих Ибн Хиббан, том 11 стр. 469.

сите луѓе без оглед на расните, јазичните и културните разлики. Сите се робови на Аллах. Возвишениот вели: „*О, луѓе, обожувајте Го Господарот ваш Кој ве создаде и вас и тие пред вас, за да бидете богобојазни.*“ (Ел Бекаре, 21)

Исламскиот верозакон (шеријатот) ги поништил сите фактори кои водат кон омразената расна дискриминација потсетувајќи не дека истата не е дозволена. Василе ибн Ел Еска', *Аллах нека е задоволен со него*, пренесува дека Божјиот пратеник, Аллаховиот благослов и мир нека се со него, на прашањето поставено за фанатизмот (племенскиот) одговорил: „*Да го помогнеш твојот народ и кога е неправеден.*“[13]

Солидарноста со некого и дистанцирањето од некого се дозволени само кога истите се прават поради верата. Овој принцип е недозволен доколку поттикнувач е национализмот или племенскиот фанатизам. Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, рекол: „*Тој што војува под 'слепо' знаме (не знае што е вистина а што не е), војува поради фанатизам, и се лути поради тој фанатизам, па биде убиен, неговата смрт е смрт во заблуда.*“[14]

Критерум на вреднување во исламот не е положбата и потеклото. Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, искажал љубов и пристрасност кон Сухејб римјанинот, Селман персијанецот и Билал ибн Реббах од Етиопија, и истите ги израдувал со веста дека ќе бидат во рајот.

Од друга страна Божјиот пратеник, Аллаховиот благослов и мир нека се со него, се дистанцирал и исполил

---

[13] Ебу Давуд.
[14] Сахих Несаи и Сахих Ибн Маце.

непријателство кон родениот чичко Ебу Лехеб за кој е објавен дел од Куранот кој ќе се чита до судниот ден: „*Нека пропаднат рацете на Ебу Лехеб, и тој пропадна! Нема да му биде од корист богатството негово, а ни тоа што го стекнал, ќе влезе тој сигурно во огнот разгорен,*“ (Ел Месед, 1-3)

Во Благородниот Куран, основниот устав на муслиманите, книга објавена од Бога за целото човештво, се спомнува името на Лукман, мудриот божји слуга од Етиопија, надарен со мудрост, па дури и едно цело објавено поглавје го носи неговото име и истото ќе се чита до судниот ден. Во тоа поглавје се спомнува неговото име, неговите вредности и се глорификува. И други поглавја од Куранот ги носат имињата на Божји пратеници, на искрени и побожни слуги на Аллах како на пример: Нух (Ное), Ибрахим (Аврам), Али Имран (Семејството на Имран), Мерјем (Марија), Јусуф (Јосиф), Јунус (Јона), Мухамед итн.

Тие поглавја муслиманите ги читаат во своите намази, наутро и приквечер и нема сомнеж дека една од основните цели е да се вкорени длабоко во срцата на верниците принципот на рамноправност на човечката раса и да остане присутен во нивната свест.

Етиопија е земја во Африка и најголемиот дел на жителите на таа земја и припаѓаат на црната раса. На почетокот на својата мисија, кога почнаа тортурите и измачувањата на муслиманите, Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, им нареди на своите следбеници да се преселат во Етиопија велејќи: „*Во Етиопија владее крал кој е праведен и кој никому не му чини неправда, одете во неговата земја*

*додека Аллах не ви даде олеснување и излез од овие потешкотии.*“[15]

Кога почина кралот на Етипија, Неџаши, Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, нареди да му се клања џеназе намаз. Присутните прашаа: Ќе клањаме намаз за роб од Етиопија кој не е муслиман? Тогаш Аллах, Возвишениот објави: „*Има и следбеници на Книгата кои веруваат во Аллах и во тоа што ви се објавувава и во тоа што им е објавено ним, понизни се кон Аллах и не ги продаваат Аллаховите зборови за евтина цена.*“ (Али Имран, 199)[16]

Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, рекол: „*Барајте прошка за вашиот брат, ги наредил муслиманите во редови и со четири текбири, го клањал џеназе намазот (за Неџаши).*“[17]

Принципот на еднаквост во исламот не е само претензија која останала на ниво на теорија. Напротив, Божјиот пратеник, Аллаховиот благослов и мир нека се со него, практично го потврдил овој принцип. Еден ден на едно место ги собрал Усаме (синот на Зејд, негов ослободен роб), кој бил со црна боја на кожата и со плоснат нос и внукот Хасан синот на неговата ќерка Фатима и рекол: „*Аллаху мој засакај ги обајцата затоа што јас ги сакам.*“[18]

Аиша, *Аллах нека е задоволен со неа*, сопругата на Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, вели: „*Не му доликува на никој да не го сака Усаме по зборовите кои ги*

---

[15] ЕсСилсиле ЕсСахиха бр. 3190.
[16] ЕсСилсиле ЕсСахиха бр. 3044.
[17] Бухари, том 1 стр.466.
[18] Бухари.

*слушнав од Божјиот пратеник кој рекол: „Кој го сака Аллах и Божјиот пратеник, нека го сака Усаме.*“[19]

Во една друга ситуација додал: „*Кој ме сака мене нека го сака Усаме.*“[20]

Аиша, *Аллах нека е задоволен со неа*, раскажува дека еднаш Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, сакал да го секне својот нос па Усаме му понудил тој тоа да го направи за него. Тогаш Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, рекол: „*Аише, сакај го Усаме, затоа што јас го сакам.*“[21]

Овој ослободен роб кој и припаѓал на црната раса, Божјиот пратеник, го именува за командант на војската која ќе војува со византијците. Тој беше на чело на војската во која учествуваа постари и одбрани асхаби на Божјиот пратеник. Оваа ситуација беше причина некои асхаби ова да го сметаат за неприлично и почнаа да зборуваат. Кога за ова дозна Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, се качи на својот минбер, му се заблагодари на Аллах и Него го величаше па додаде: „*Доколку зборувате за Усаме како командант на војската, тоа и порано го направивте со неговиот татко (Зејд). Се колнам во Аллах, тој ја заслужува оваа позиција и способен е за истата. Неговиот татко беше помеѓу оние кои најмногу ги сакав а и Усаме е на таа положба по неговиот татко.*“[22]

Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, почина пред да тргне војската под водство на Усаме, и на позицијата на калиф на муслиманите дојде Ебу Бекр,

---

[19] Ахмед, и за истиот Шуајб Ел Арнаут вели: автентичен (сахих), со другите преданија кои го потврдуваат.
[20] Муслим.
[21] Ел Мишкат, бр. 6167 хадисот е хасен (добар).
[22] Бухари и Муслим.

*Аллах нека е задоволен со него*. Тој инсистираше да ја спроведе волјата на Божјиот пратеник, па кога Омер ибн Хаттаб, *Аллах нека е задоволен со него*, спомна дека енсариите сметаат дека некој повозрасен треба да стане на чело на војската, Ебу Бекр, *Аллах нека е задоволен со него*, му одговори: „*Тешко тебе сину на Ел Хаттаб, бараш да разрешам некого кого Божјиот пратеник го именувал. Се колнам во Аллах во чии раце е мојата душа, кога и дивите животни би ме нападнале, би ја испратил војската на Усаме.*“

Младиот командант, црнецот Усаме тргнува од Медина, со него е и Ебу Бекр, кој излегол да го испрати. Усаме јава на коњ додека Ебу Бекр пешачи. Ова беше причина Усаме да се засрами па му рече: Наместнику на Божјиот пратеник се колнам во Аллах или и ти ќе се качиш на коњ или и јас ќе се симнам. Ебу Бекр му одговори: Се колнам во Аллах ниту ти ќе се симнеш ниту пак јас ќе се качам, јас сакам и моите нозе да се со прав на Аллаховиот пат.

Тогаш Ебу Бекр побара дозвола од Усаме со него во Медина да остане Омер за да му помогне со управувањето, давајќи конкретен пример како се бара дозвола од командант па дури и кога е помлад.

Принципот на еднаквост лично го спроведе Мухамед, Аллаховиот благослов и мир нека се со него, иако имаше најдобро потекло, неговото семејство беше едно од најугледните, неговото племе беше меѓу најценетите кај арапите, позиција која тешко се постигнува, па покрај се тој велеше: „*Не ме воздигнувајте како што христијаните го воздигнуваа синот Мерјемин, јас сум само роб, па кажете Аллахов роб и Негов пратеник.*“[23]

[23] Бухари.

Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, на оваа позиција и со ова потекло склопи брак помеѓу неговата братучетка Зејнеб бинт Џахш и ослободениот роб Зејд.

Тој, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, правеше се што е во негова можност овие племенити принципи на шеријатот да ги вкорени во душите на неговите следбеници. Тоа го правеше преку нивно следење, интересирање за нивната состојба без да прави разлика помеѓу нив. Ебу Хурејре, *Аллах нека е задоволен со него*, ни раскажува за една црна жена која ја чистела џамијата и која починала. За неа прашал Божјиот пратеник, па кога му рекоа дека починала ги праша зошто не го информирале. Кога виде дека тоа го направиле од немарност праша за нејзиниот гроб, дојде до него и го клањаше намазот за џеназе. Тогаш рече: „*Внатрешноста на овие гробови е исполнета со темнина и тие се осветлуваат со мојот намаз кој им го клањам.*“[24]

Беше скромен и им даваше предност на другите со подароци и дарови, без да прави разлика помеѓу луѓето. Хаким ибнХизам не рескажува: Уште пред да стане пратеник, Мухамед, Аллаховиот благослов и мир нека се со него, го сакав повеќе од другите. Кога се пресели во Медина излегов на пазар и видов облека која ја носел јеменскиот крал Зи Језен, се продаваше за цена од педесет сребреници. Ја купив и му ја донесов на Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*. Тој одби да ја прими без да ја плати цената. Убејдуллах вели: Мислам дека рече: „*Ние не примаме ништо од многубошци*.“ Кога ја купи ја облече на минбер. Не сум видел некого поубав од него во таа облека. Потоа му ја подари на Усаме ибн Зејд. Кога Хаким ја виде таа облека

[24] Бухари.

врз Усаме му рече: „Усаме ја носиш облеката на Зи Језен!?“ Усаме му одговори: „Да, носам затоа што јас сум подобар од Зи Језен и мојот татко е подобар од неговиот и мојата мајка е подобра од неговата.“[25]

Која е причината Усаме да го изговори ова? Причината е исламот кој ги изедначил сите луѓе без оглед на нивното потекло, раса и положба. На сите им е загарантирана слободата и правото да го искажат своето мислење, право кое им било забранувано пред исламот.

Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, живееше со своите асхаби, се шегуваше со нив, разговараше за нивните проблеми, се интересираше за нивната состојба, ги слушаше нивните поплаки, го корегираше она што требаше да биде корегирано од нивните дела и зборови во согласност со учењата на исламот. Тоа посебно се однесуваше на потценувањето и навредувањето на другите. Ме'рур ибн Сувејд ни раскажува како го сретнал Ебу Зерр, *Аллах нека е задоволен со него*, носел иста облека како и неговиот слуга. Го прашав за причината а тој ми одговори: Го навредив мојот слуга спомнувајќи ја неговата мајка. Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, ми рече: „*Ебу Зерр! Го навреди спомнувајќи ја неговата мајка? Ти навистина си човек кој сеуште има особини од времето на незнаењето. Вашите слуги се ваши браќа, Аллах ги ставил под ваша власт, па секој оној кој има власт над својот брат (во вера) нека го храни со она што и самиот го јаде, нека го облекува со облеката која сам ја облекува, нека не ги преоптоварува, а кога ќе ги задолжи со нешто нека им помогне.*“[26]

---

[25] Хаким во Мустедрек, том 3 стр. 551, Сахихул Џами' хадис бр. 2294 и ЕсСахиха бр. 1707.
[26] Бухари

Билал ибн Реббах, *Аллах нека е задоволен со него*, роб од Етиопија кој во исламот има висока позиција, оваа положба уште повеќе ја зголеми неговата скромност. Ние сме должни да ги цениме одбраните но сепак кога на Билал му ги спомнуваа добрите работи и одликите со кои го почестил Аллах, тој ја одбиваше надменоста и вообразеноста, почнуваше да плаче и велеше: „*Јас сум од Етиопија, а до вчера бев роб.*“

Кога слушна дека некои луѓе го воздигнуваат над Ебу Бекр, *Аллах нека е задоволен со него*, прввиот калиф по смртта на Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него,* најодбраниот по Божјиот пратеник, велеше: „*Како ме воздигнувате над него кога јас сум само едно од неговите (безбројни) добри дела.*“[27]

Билал е истиот тој, кој при влегувањето во Ка'бе плукал врз таму поставените идолите и велел: „*Пропаднал и загубил тој што ве обожува.*“[28]

Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, потврдил дека Билал, *Аллах нека е задоволен со него,* ќе влезе во рајот. Еден ден по утринската (сабах) молитва Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, го прашал Билал за делото за кое најмногу се надева дека Аллах ќе го награди, бидејќи пред себе го слушнал тропотот на неговите налани во џенет. Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, му одговорил дека: Делото за кое најмногу се надева дека Аллах ќе го награди се намазот, онолку колку што е одредено од Аллах, а кој го клањал секогаш кога ќе земел абдест.[29]

---

[27]ИбнАсакир во делото ТарихДимешк.
[28]ИбнАсакир во делото ТарихДимешк.
[29]СахихБухари.

За него и за другите презрени верници од тоа време беа објавени ајети од Куранот кои ќе се читаат до Судниот ден. Великодостојници од племето Курејш дојдоа да го посетат Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, додека тој седеше во присуство на Билал Хабеши, Селман Фариси и Сухејб Ер-Руми и други како Абдуллах ибн Месуд, Аммар и Хаббаб, *Аллах нека е задоволен со сите нив*, кои беа презрени и омаловажувани од страна на племето Курејш. Тогаш на Божјиот пратеник му рекоа: Ти знаеш колку сме почитувани кај останатите арапи, па затоа одреди ни време кога ќе се сретнеш со нас и оддалечи ги овие робови затоа што кај тебе доаѓаат делегации, а ние се срамиме да не видат заедно со овие робови, недостојни да бидат во наше присутво. Кога ние ќе заминеме седи со кого сакаш. Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, потврдно им одговори и тие побараа истото да го запише, тој од блиските побара да се запише се со цел да ги придобие нивните срца и да ги приближи до себе со надеж дека ќе го примат исламот. Но, во исламскиот шеријат ова е безвредно, неговите принципи се принципи, а вредностите вредности. Оваа случка беше повод за објава на следниве ајети: „*И не терај ги од себе тие кои наутро и навечер на Господарот свој Му се молат посакувајќи го лицето Негово, ти нема за нив да одговараш, а ни тие нема за тебе да одговараат, затоа што, кога би ги истерал, насилник би бил. И така Ние едни со други ве ставаме во искушение за да речат неверниците: „Зарем тоа се тие на кои Аллах, помеѓу нас, милост им укажа? “А зарем Аллах не ги познава добро тие што се благодарни?! А кога ќе ти дојдат тие кои во зборовите Наши веруваат, ти кажи: „Мир со вас!“ Господарот ваш самиот на Себеси си пропиша да биде Милостив: ако некој од вас стори лошо дело од небрежност, па потоа се покае и се поправи, па, Аллах,*

*навистина, ќе прости и Милостив ќе биде.*“ (Ел Енам, 52-54)

Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, ја фрли хартијата што му беше донесена ги повика верниците и им рече: „*Мир со вас! Господарот ваш самиот на Себеси си пропиша да биде Милостив*.“

Асхабите велат седевме често со Божјиот пратеник и кога тој ќе посакаше да си замине ќе заминеше, и ќе не оставеше се додека не беше објавено: „*Биди трпелив покрај тие што на Господарот свој Му се молат изутрина и навечер со копнеж за лицето Негово, и не спуштај ги очите свои од нив со желба за сјај во животот на овој свет...*“ (Ел Кехф, 28)

По објавата на овој ајет ние бевме тие кои го напуштаа собирот за да му дозволиме на Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, да си замине тогаш кога тоа го сакаше.[30]

Кој е тој етиопјанин кој до вчера беше род а денеска стана великодостојник?

Да ја слушнеме неговата приказна онака како што ја напишал Халид Мухамед Халид[31]: „Тој е Билал ибн Ребах, првиот муезин во исламот кој јавно го обзнани повикот на вистината.

Тој е Билал кој ги срамни со земја идолите. Тој е Билал, а кој не слушнал за Билал, чие што име најде место во срцата и чувствата на муслиманите од сите страни на светот. Тој е едно од големите чуда на исламот. Од група од десет муслимани, од почетокот на објавата па до денес, најмалку

---

[30] Го бележи Ибн Маџе во своето дело Сунен во скратена верзија. Албани го оценува како автентичен.

[31] Во делото: „Риџалун хауле Ер-Ресул.“

седум од нив знаат кој е Билал. Значи има стотици милиони луѓе кои во текот на вековите и генерациите знаат за Билал, го помнат неговото име, го знаат неговиот придонес, го познаваат речиси онолку колку ги познаваат првите два калифи, Ебу Бекр и Омер, *Аллах нека е задоволен со сите нив*.

Кога би прашал дете кое можеби сеуште не може да оди, дете во првите одделенија, дете во Египет, Пакистан, Кина...

Во двете Америки, во Европа и Русија...

Во Ирак, Сирија, Иран и Судан...

Во Тунис, Мароко и Алжир...

Во пустините и џунглите на Африка и врз ридовите на Азија...

Кога би прашале секаде каде што живеат муслимани, кога би го прашале секое дете: Кој е Билал?

Тој ќе ти одговори: Билал е муезинот на Божјиот пратеник, бил роб измачуван од неговиот сопственик со врели камења, за да го одврати од исламот а тој велел: Еден (е Бог), Еден (е Бог).

Тогаш ќе ја увидиш „вечноста“ која што исламот му ја дал на Билал. Знај дека Билал пред да стане муслиман не бил ништо повеќе од поседуван роб кој за надомест од прегрст урми ги чувал камилите на неговиот сопственик. Неговата претпоставена судбина била да умре и да биде фрлен во длабочините на заборавот..

Но искреноста на верувањето, големината на оваа вера која ја прифати му овозможи уште додека беше жив да се искачи на пиедесталите на одбраните, благородните и великаните.

Многумина од елитата на човештвото, почитувани и влијателни, богати, не успеале да постигнат па дури ни една

десетина од „вечноста“ која ја постигна Билал, роб од Абисинија.

Многу херои од историјата не ја достигнаа историската фама, па дури ниту дел од онаа која ја достигнал Билал.

Неговата црна кожа, немаштијата, неговото потекло и презреноста кај луѓето како поседуван роб, не го лишија ниту пак беа пречка, во времето кога го избра исламот како вера, тој да се искачи на висока положба поради искреноста, убеденоста и следењето на вистината.

Што не помислуваа луѓето за роб Билал, без семејство и моќ, кој не поседува ништо, кој е сопственост на неговиот господар кој го купил со пари, кој се движи со стадата на неговиот сопственик..

Мислеа дека еден таков човек е немоќен да направи нешто или да постигне нешто, но нивните претпоставки не се обвистинија. Тој беше способен да го искаже своето верување (иман), нешто што малкумина го можат и да стане првиот муезин на Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, положба која за себе ја посакуваа многу великодостојници од племето Курејш кои го примија исламот и го следеа Божјиот пратеник.

Да...тој е Билал ибн Ребах.

Симбол на храброст, симбол на величина за која зборува неговото име Билал ибн Ребах.

По потекло од Етиопија тој е син на робинка која се викала Хамама. Божја одредба беше тој да стане роб на Умеје ибн Халеф Ел Џумехи во Мека. Неговата мајка беше една од неговите робинки и слугинки.

Неговиот живот беше живот на роб, секој ден беше сличен со другиот, живееа во тешка сиромаштија, не беше негово

тоа што тој ден ќе го заработеше ниту пак имаше надеж дека следниот ден ќе биде поинаков.

Вестите за Мухамед почнаа да допираат и до него, особено откога вестите за него се раширија низ Мека. Внимателно ги слушаше разговорите на гостите и седенките кај неговиот господар Умеје ибн Халеф, еден од великодостојниците на племето Бену Џумех, каде еден од робовите беше и Билал.

Неговиот сопственик Умеје и други членови на неговото племе со омраза, лутина и грижа зборуваа за Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*.

Помеѓу зборовите полни со неразумна омраза тој слушна и работи за новата вера, Аллаховиот монотеизам, моралните особини, еднаквоста и слободата... чувствуваше дека се работи за нови нешта во неговата средина. Сето ова го слушаше во гласниот и предупредувачки говор кој одекнуваше но и во кој сепак слушаше и дека тие го признаваат чесното потекло на Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, неговата поверливост и разумност.

Да, ги слушаше како се воодушевуваат за нивната збунетост со она кое го достави Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*.

Едни на други им велеа: Мухамед никогаш не бил лажливец, не бил маѓепсник, не бил неумен, но сме принудени со тие имиња да го обвинуваме за да ги спречиме можните следбеници и помагатели на неговата вера.

Ги слушаше како зборуваат за неговата доверливост, за неговата вистинитост, мажественост и морал. За неговата непристрасност и разумност.

Слушаше кога тивко ја спомнуваа причината зошто треба да го предизвикаат и да му се спротивставуваат, а тоа беше лојалноста кон верата на нивните предци.

Вторат причина беше стравот кој го чувствуваа дека можеби ќе се загуби приматот на племето Курејш, кој го имаа, поради местоположбата, во верскиот центар на Арапскиот полуостров, центарот на богоугодноста и верските ритуали.

Тука беше и зависта кон племето Бену Хашим, од кое потекнуваше Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него.*

И така, во еден таков ден, Билал ибн Ребах, просветлен од тоа божествено светло, од длабочината на неговата добра душа го слушна повикот, и пред Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, го прими исламот.

По таа случка неговиот живот повеќе не беше само рутина на работа, јадење, пиење и одмор.

Веста дека станал муслиман бргу се рашири и допре до ушите на главешините на племето Бену Џумех кои се избезумија. Нивната гордост обременета со вообразеност и самодоверба беше повредена. Овоземните шејтани почнаа да вршат притисок врз Умеје ибн Халеф, кој примањето на ислам на еден од неговите робови го сметаше за шлаканица, понижување и голем срам. Нивниот роб од Етиопија, станува муслиман и го следи Мухамед!?

Умеје промрмори: Со залезот на сонцето денес, ќе зајде и исламот на овој непокорен роб!!

Вистина е дека сонцето на исламот не зајде за Билал, напротив зајде сонцето за сите идоли на племето Курејш и за сите бранители на идолопоклонството.

Држењето на Билал, не е само чест на исламот, иако најправедно е нему да му се припише. Неговото држење е чест за целото човештво.

Ги издржа најбруталните форми на измачување, на начин кој им доликува на великаните.

Аллах, како да ни дава пример, дека црната кожа и состојбата на ропство не влијаат врз големината на духот, оплеменет со верување во Бога, врз духот кој се потпира врз Бога и кој ги брани своите права.

Билал им одржа елоквентна лекција, на неговите современици и на сите луѓе, на оние кои ја следат верата на исламот или следат некоја друга вера... лекција која во својата срж ја содржи пораката дека слободата на совеста и сувереноста не се продаваат ниту за сето злато на земјата, ниту пак потклекнуваат пред измачувањето и тортурата.

На почетокот на мисијата, првите муслимани кои јавно го покажаа своето верско убедување беа седуммина: Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, Ебу Бекр, Аммар, неговата мајка Сумеја, Сухејб, Билал и Микдад, *Аллах нека е задоволен со сите*.

Заштитиник на Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, беше неговиот чичко Ебу Талиб. Неговото племе го штитеше и Ебу Бекр, додека пак останатите беа изложени на измачувања од страна на политеистите. Им беа облекувани панцири од метал, беа изложувани на врелото сонце и сите освен Билал ги прифатија нивните барања. Тој беше подготвен и својот живот да го жртвува за Бога, па затоа, на крајот политеистите им го дадоа Билал на децата кои со него одеа

по улиците на Мека исмевајќи го а тој само велеше: „Еден е, Еден е.“[32]

Го легнаа врз жар со цел да се дистанцира од својата вера или да го промени своето убедување, но тој одби.

Исламот, преку поучувањето на Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со нег*о, од овој беспомошен роб направи учител за човештвото, учител за тоа како се почитува совеста, како се брани нејзината слобода и сувереност...

Го туркаа врз врелиот песок на пустињата, напладне кога песокот се претвора во убиствен пекол... гол го легнуваа врз распламтениот песок, и врелиот камен кој со мака го подигнуваа неколку луѓе и го ставаа врз неговите гради и тело.

Ова нечовечко измачување се повторуваше секој ден, и оваа болка која ја вкусуваше Билал почна да влијае врз совеста на некои негови џелати кои на крајот прифатија да го ослободат доколку каже барем еден добар збор за нивните божества. Сето ова сакаа да го направат со цел да ја сочуваат нивната вообразеност за да останатите племиња на Курејш не зборуваат дека потклекнале пред истрајноста и упорноста на еден роб.

Но дури ни овој еден лесен збор, кој би го изговорил, кој не би излегол од неговото срце, со кој би го спасил својот живот, со кој не би престанал да биде муслиман ниту пак би се одрекол од своето убедување...

И овој еден единствен збор, Билал одбил да го изговори.

Да, одбил да го изговори, и наместо него повторувал: „Еден е, Еден е.“

---

[32] Сахих Ибн Хибан, том 15 стр. 558.

Му велеа: Кажи го она што ние ти го бараме, а тој со потсмев кон нив им одговараше: „Мојот јазик не знае тоа да го изговори.“

Врз врелиот песок остана се до пред залезот на сонцето кога го исправија, околу вратот му врзаа коноп и им го дадоа на децата да се шетаат со него по ридовите и улиците на Мека, а неговиот јазик постојано и единствено велеше: „Еден е, Еден е.“

Кога ќе зајдеше сонцето, повторно ќе преговараа велејќи му: Утре кажи нешто добро за нашите божества, кажи Лат и Узза се мои богови, па ќе те ослободиме. Се изморивме измачувајќи те. Се чувствуваме како себеси да се измачуваме.

Тој одрекуваше со својата глава и велеше: „Еден е, Еден е.“

Експлодирајќи од гнев и бес, Умеје ибн Халеф, го подбуцнуваше и со сиот глас му се закануваше: Каква несреќа не снајде со овој неблагодарен роб, Се колнам во Лат и Узза со тебе ќе им дадам пример на слободните луѓе и на робовите.

А Билал со убеденост на верник одговараше: „Еден е, Еден е.“

Потоа повторно започнуваа преговорите и улогата на добронамерниот советник кој велеше: Смири се Умеје, жими Лат, нема да го измачуваме повторно. Билал е наш, роден од наша робинка и тој нема да дозволи неговиот ислам да биде причина племето Курејш да не озборува ниту да ни се потсмева...

Билал со презир и строгост ги погледнувал овие лица на лажливци и измамници, насмевка слична на светлината на зората, смирено и со говор кој за нив беше како земјотрес повторно велеше: „Еден е, Еден е.“

Утредента повторно напладне Билал е изведен врз жешкиот песок и камења, го измачуваат, но тој е упорен и непоколеблив, се надева во Божјата награда. Додека го мачат приоѓа Ебу Бекр, *Аллах нека е задоволен со него*, и со сиот глас вели: Зарем не се плашите од Бога, зарем сакате да убиете човек само затоа што вели: мој господар е Аллах? До кога, вака ќе го измачувате?

Умеје му вели: Ти го расипа па спаси го сега!

Ебу Бекр, *Аллах нека е задоволен со него*, гласно извика: Земи повеќе отколку што вреди и ослободи го.

Оваа понуда за Умеје беше како чамец кој ќе го спаси од сигурно давење. Почувствува олеснување затоа што надежта дека Билал ќе попушти и дека ќе ја прифати нивната понуда веќе беше речиси непостоечка. Како трговец сфати дека продажбата на Билал нему повеќе ќе му користи од неговата смрт.

Му го продаде на Ебу Бекр кој веднаш го ослободи и Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, стана слободен човек.

Кога Ебу Бекр го фати за раце Билал и кога тргнаа кон слободата, Умеје му рече: Земи го, се колнам во Лат и Узза, да ми понудеше за него и една ока сребро, ќе ти го продадев.

Во овие зборови Ебу Бекр ја почувствува горчината на безнадежноста и разочараноста и помисли дека можеби е подобро да не му одговори...но откако размисли дека е повредена честа на братот во верата, на некого кој му е рамен рече: „Се колнам во Аллах да ми побаравте сто оки ќе ви ги исплатев."

Заедно со својот брат се упатија кон Божјиот пратеник за да му ја кажат радосната вест. Тој ден е голем празник.

Тешки и болни беа измачувањата, од страна на племето Курејш, на муслиманите во Мека. Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, им нареди да се преселат во Медина каде ќе бидат сигурни далеку од измачувањата и тортурите не Курејш...

По сместувањето на Божјиот пратеник и муслиманите во Медина се пропишува повикот на намаз, наречен езан.

Кој е тој што петпати на ден ќе повикува на намаз? Кој е тој што гласно ќе ги изговара *текбирите* и *ла илахе ил-лаллах*?

Муезин ќе биде Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, кој пред тринаесет години, додека се соочуваше со врелината на песокот, сонцето и тежината на каменот, гласно велеше: „*Аллах, Еден е, Еден е.*“

Токму него, Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, го одреди да биде првиот муезин во исламот. Со јасниот и прекрасен глас, започна да ги исполнува срцата со иман и да им овозможува на ушите да го слушаат волшепството на езанот:

| | |
|---|---|
| Аллахуекбер | Аллах е најголемиот |
| Аллахуекбер | Аллах е најголемиот |
| Аллахуекбер | Аллах е најголемиот |
| Аллахуекбер | Аллах е најголемиот |
| Ешхеду ен ла илахе ил-лаллах | Сведочам дека Аллах е единствениот вистински Бог |
| Ешхеду ен ла илахе ил-лаллах | Сведочам дека Аллах е единствениот вистински Бог |

| | |
|---|---|
| Ешхеду енне Мухаммеден ресулул-лах | Сведочам дека Мухамед е Божји пратеник |
| Ешхеду енне Мухаммеден ресулул-лах | Сведочам дека Мухамед е Божји пратеник |
| Хај-је алес-салах | Дојдете на намаз |
| Хај-је алес-салах | Дојдете на намаз |
| Хај-је алелфелах | Дојдете на спас |
| Хај-је алелфелах | Дојдете на спас |
| Аллаху екбер | Аллах е најголемиот |
| Аллаху екбер | Аллах е најголемиот |
| Ла илахе ил-лаллах | Аллах е единствениот вистински Бог |

Политеистите не можеа да останат мирни гледајќи како оваа нова вера расте и се зголемува бројот на нејзините следбеници. Започнува жестока војна помеѓу муслиманите и војската на племето Курејш која ја нападна Медина.

Битката беше тешка и полна со жештина и учесник во истата е и Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, кој активно учествува во првата битка на муслиманите, во битката кај Бедр.

Великодостојниците на племето Курејш во оваа битка влегоа со се она кое го поседуваа и тргнаа кон Бедр. Една група, а меѓу нив и Умеје ибн Халеф, кога разбра дека караванот на Ебу Суфјан е на сигурно, предложи да се вратат назад. Да, Умеје, сопственикот кој жестоко и животински го измачуваше Билал.

Кога за оваа намера на Умеје, намера да се повлече и да ги остави на цедило своите другари, дозна неговиот другар Укбе ибн Еби Муајт, се упати кон него носејќи мангал (кој жените го користеа за палење на миризливо дрво) и се сретна со него пред сите негови блиски. Го фрли пред него мангалот и му рече земи го и намирисај се, ти не си машко ти си жена!

Умеје гласно викна: Проклет да си и проклето нека е ова со кое дојде...

Немаше друго чаре освен да учествува во оваа битка заедно со останатите главешини на племето Курејш.

Укбе ибн Еби Муајт беше тој кој најмногу го поттикнуваше Умеје да го измачува Билал, но и другите муслимани кои беа изложени на тортура.

Денеска истиот тој Укбе го поттикнува да учествува во битка која ќе биде последна за него (Умеје).

Истата таа битка ќе биде последна и за Укбе.

Умеје не сакаше да учествува во оваа битка и доколку не го направеше Укбе она што го направи, и да не се раширеше веста дека Умеје не сака да учествува, тој немаше да учествува...

Но Аллаховата одредба стана вистина. Умеје ќе учествува во битката и ќе се соочи со некого со кого сеуште не ги израмнил сметките. Дојде времето за израмнување на сметките, како се однесувате така ќе се однесуваат кон вас...

Истиот тој Укбе кој го поттикнуваше Умеје да ги измачува невините верници, ќе го одведе Умеје во неговата смрт.

А од рацете на кого ќе биде убиен?

Од рацете на истиот тој Билал, од рацете на токму тој Билал.

Истите тие раце кои Умеје ги окова во пранги, тој Билал кого болно го измачуваше...

Преку овие раце тој денеска има состанок со Аллаховата одредба, во времето одредено од Аллах, заедно со останатите џелати на Курејш кои безмилосно и неправедно ги понижуваа верниците.

Токму тоа и се случи.

На почетокот на битката, кога се соочија двете војски земјата се тресеше од слоганот на муслиманите „Еден е, Еден е.“ Срцето на Умеје само што не излезе од неговите гради, се соочи со она од кое најмногу се плашеше.

Истите тие зборови кои ги изговараше неговиот роб кого тој го измачуваше денеска е слоган на една цела вера и симбол на една нова заедница!

„Еден е, Еден е.“

Зарем вака, со оваа брзина, толку се зголеми нивниот број!?

Се вкрстија сабјите и се вжешти борбата...

При крајот на битката Умеје ибн Халеф го забележа АбдурРахман ибн Ауф, *Аллах нека е задоволен со него*, еден од асхабите на Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, побара да го заштити и да биде негов воен заробеник со цел да му се поштеди животот. АбдурРахман ибн Ауф, *Аллах нека е задоволен со него*, ја прифатил неговата молба и го зел под своја заштита и при самата кулминација на битката го одвел до скришно место.

Попат го забележа Билал кој гласно викна: „Главешината на неверството Умеје ибн Халеф, нека не преживеам ако тој преживее.“

Го подигна мечот за да ја отсече главата која долго време беше исполнета со вообразеност и надменост, и тогаш

АбдурРахман ибн Ауф рече: „Билал, немој тој е мој заробеник.“

Воен заробеник додека сеуште трае битката?

Воен заробеник чија што сабја е сеуште крвава со крвта на муслиманите.

Не, Билал не го прифати ова и сметаше дека е потсмев со разумот и иронија. Доволно долго Умеје се потсмеваше и ги понижуваше муслиманите. Не остана ништо со кое ќе може сеуште да им се потсмева на муслиманите, дојде до ќор-сокак, дојде до крајот на патот.

Билал увиде дека самиот нема да може да и се спротивстави на заштитата на АбдурРахман ибн Ауф па затоа гласно ги повика муслиманите: „О вие кои ја помагате Аллаховата вера, ево го Умеје главешината на неверниците, нека не преживеам ако тој преживее.“

Тогаш група на верници го опколија Умеје и неговиот син кој војуваше на страната на племето Курејш. АбдурРахман ибн Ауф не можеше да го заштити Умеје, тој дури не успеа ниту да ги заштити и своите штитови и сабји кои беа растурени во турканицата.

Билал долго гледаше во телото на Умеје врз кое имаше многу удари од сабји, потоа бргу се одалечи и со својот звучен глас извика: „Еден е, Еден е.“

Не сметам дека ни доликува во оваа ситуација да зборуваме за толеранцијата на Билал, *Аллах нека е задоволен со него*. Доколку условите беа поинакви и доколку се сретнеа во поинаква ситуација тогаш можеби ќе беше прикладно да бараме Билал да биде толерантен. Човек, со овој степен на иман, секако дека во таква ситуација ќе ја потврдел својата толерантност.

Факт е дека нивната средба се случи во тек на војна, секоја од завојуваните страни сакаше да и даде крај на другата.

Сабјите се вкрстени и жртви има на обете страни, военият повик е гласен... во таква ситуација Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, го забележува Умеје кој не оставил ниту еден дел од неговото тело без трага од измачување и тортура.

Каде го видел и во каква состојба го виде Умеје...?

Го виде на бојното поле како со својот меч војува против муслиманите, кога би успеал со леснотија и без да размислува би му ја отсекол главата на Билал и би ја фрлил далеку од телото.

Во вакви услови повторно се среќаваат, па затоа сметам дека не е логично ниту пак праведно да прашаме зошто не му прости Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, на Умеје ибн Халеф.

Поминуваат денови и Мека е ослободена.

Во Мека, искажувајќи благодарност и со текбири, влегува Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, на чело на војска од десет илјади војници.

Веднаш се упатува кон Каба, светата џамија која племето Курејш ја исполнило со идоли, чиј што број е еднаков на бројот на деновите во годината.

Дојде вистината, а исчезна лагата;

Од тој ден веќе не постои Лат, го нема ниту Узза ниту Хубел. Ниту еден човек повеќе нема да се поклонува пред камени скулптури, никогаш повеќе свесно луѓето нема да обожуваат никого освен Аллах, Единственот, Кој е Еден, Кому ништо и никој не Му се слични, Возвишениот, Најсилниот.

Во внатрешноста на Каба влегува Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, заедно со Билал, *Аллах нека е задоволен со него*.

При самиот влез се соочува со голема скулптура за која велат дека е на Ибрахим, *Аллаховиот мир нека е со него,* прикажувајќи го како фрла стрели (како начин за претскажување на иднината). Кога го виде ова се налути Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, па рече: „*Проклети да се, Ибрахим, Аллаховиот мир нека е со него, не фрлал стрели*: *'Ибрахим не беше ниту евреин ниту христијанин, туку беше вистински верник, муслиман. Тој не беше идолопоклоник!'*" (Али Имран, 67)

Му нареди на Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, да се искачи врз Каба и гласно да го изговори езанот.

Живоста и движењета сопреа во Мека, застанаа и иљадници муслимани, понизно повторувајќи ги зборовие на езанот заедно со Билал.

Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, им се обраќа на жителите на Мека:

„*Припадници на племето Курејш собрани тука... Аллах ве спаси од вообразеноста од времето на незнаеењето и гордеењето со предците... луѓето се потомци на Адем а Адем е создаден од земја.*"

Абдуллах ибн Омер, *Аллах нека е задоволен со обајцата*, ни пренесува дека Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, одржал говор на денот на ослободувањето на Мека и рекол: *„Луѓе, Аллах ја одстрани од вас надменоста и вообразеноста од времето на незнаењето и од гордеењето со предците. Луѓето се две категории: доброчинител, богуугодник, почестен од Бога и грешник, несреќник, безвреден кај Аллах. Сите луѓе се*

*потомци на Адем, а Адем е сосдаден од земја. Аллах вели: О, луѓе, Ние од еден маж и од една жена ве создадовме и на народи и племиња ве поделивме за да се запознавате. Најугледен кај Аллах е тој што најмногу се плаши од Него; Аллах, навистина, сѐ знае и ништо не Му е скриено.* (Ел Хуџурат, 13)“[33]

Во преданијата е забележано дека на крајот на говорот, говор на победник прашал: „*Жители на Мека, што мислите дека ќе направам со вас*?“

Одговорија: Се најдобро, племенит брате! и сину на племенит брат.

Тој, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, им рече: „*Одете, сите сте слободни.*“

Многубошците кои беа во своите домови речиси и не поверуваа.

Дали се работи за истиот тој Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, и неговите сиромашни следбеници кои, како вчера да беше, ги протераа од нивните домови!?

Дали со истиот сега гледаме десет илјади војници?

Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него,* против кого војувавме, го протеравме и му го убивме човекот (Хамза) кого најмногу го сакаше?

Дали е истиот човек кој пред малку ни се обрати, и кога нашите животи беа во неговите раце ни рече: „*Одете, сите сте слободни.*“

Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, го продолжи неговиот живот во близина на Божјиот пратеник, *Аллаховиот*

---

[33]СуненТирмизи и како автентичен го оценува Албани

*благослов и мир нека се со него*, учествуваше во сите битки, повикуваше на молитва, ги живееше и ги оживуваше обележјата на оваа вера со која излезе од темнините во светлина, и со која после ропството стана слободен човек.

Исламот секојдневно добиваше нови следбеници а со тоа растеше и почитта кон првите верници. Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, со секој ден стануваше се поблизок до Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, кој еден ден го израдува со радосната вест дека ќе влезе во џенет.

Ова не влијаеше врз Билал, *Аллах нека е задоволен со него,* кој остана скромен и благороден и себеси се опишуваше со зборовите: „Етиопјанин, кој до вчера беше роб.“

Билал веќе не е роб, и сопственост на неговиот господар. Тој во исламот е еден од великаните и одбраните. Слушнете како Омер, *Аллах нека е задоволен со него*, вели: „*Ебу Бекр нашиот првенец го ослободи Билал, нашиот одбраник.*“[34]

По смртта на Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, негов наследник во управување со муслиманите стана Ебу Бекр, *Аллах нека е задоволен со него*.

Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, го посети калифот Ебу Бекр и му се обрати со овие зборови: „Водачу на правоверните, Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, ни рекол дека *едно денонокие на бојното поле е повредно од постот и намазот во текот на еден месец, доколку загине неговите добри дела ќе продолжат, ќе биде снабден од Аллах и нема да биде казнуван во гробот*.[35]

---

[34] Сахих Бухари
[35] Сахих Муслим

Што бараш го праша Ебу Бекр.

Барам да бидам војник на Аллаховиот пат се до смртта, одговори Билал, *Аллах нека е задоволен со него*.

Ебу Бекр, *Аллах нека е задоволен со него*, праша а кој ќе не повикува со езанот?

Билал, *Аллах нека е задоволен со него*, со солзи во очите му рече дека освен на Мухамед, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, нема да биде муезин на друг човек.

Ебу Бекр, *Аллах нека е задоволен со него*, го замоли: Билал, остани и повикувај не со езанот...

Одговорот на Билал беше: „*Доколку си ме откупил и си ме ослободил заради тебе, тогаш задржи ме. Но доколку си ме откупил и ослободил заради Аллаховото задоволство, тогаш дај ми дозвола да го направам она што го сакам.*“

Ебу Бекр, Аллах нека е задоволен со него, рече: „*Те ослободив во Аллахово име, те ослободив во Аллахово име.*“

Билал им се придржи на муслиманските војски во Шам и последен пат повика на намаз со езан во времето кога Омер, *Аллах нека е задоволен со него*, како владетел на муслиманите ја посети обаста Шам.

Муслиманите побараа од Омер, *Аллах нека е задоволен со него*, да го замоли Билал, *Аллах нека е задоволен со него,* барем еднаш да го проучи езанот.

Водачот на правоверните го повика Билал и кога дојде времето за намаз го замоли: „*Повикај со езанот*.“

Билал започна со езанот а сите асхаби, кои беа присутни и кои го паметеа езанот на Билал од времето на Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него,* почнаа да плачат а најмногу од сите плачеше Омер, *Аллах нека е задоволен со него*. Плачеа како никогаш порано.

Муезин кој со, од Аллах одредениот повик, повикуваше на намаз остана во Шам се до смртниот час. По болеста, неговата сопруга која се грижеше за него велеше: Таго моја, жалејќи по Билал кој ги отвораше очите и и велеше: Колку сум среќен...

Негови последни зборови заедно со последниот здив беа:

„*Утре ќе се сретнам со драгите мои, Мухамед и неговите асхаби, утре ќе се сретнам со драгите мои, Мухамед и неговите асхаби.*“

На возраст од шеесет и една година почина Билал и неговиот гроб е во Дамаск кај местото Ел-Баб Ес-Сагир. На подобриот свет се пресели еден од великаните на исламот, со истрајност на неподвижните планини, истрајност на принципите на вистината, со подготвеност да се жртвува за вистината. Аллах нека е задоволен со Билал...

# Поговор

Почитувани, дали би можеле да ми одговорите за причината за величината, племенитоста, гордоста и возвишеноста која оваа вера ги вкоренува во срцата на нејзините следбеници. Одговорот е, дека причината е гласот на вистината кој кога ќе завладее со нивните срца, прави тие секогаш да се поврзани со Бога, да му се покоруваат само Нему, да ги забораваат сите потешкотии кои ги чувствуваат и со кои се соочуваат и истите да ги сметаат за уживања. Тие потешкотии за нив се слични на страстите во кои уживаат следбениците на тие страсти, но секако дека краткотрајните страсти по кои доаѓа каењето и за кои има казна не можат да се споредат со сласта на иманот која е долготрајна и за која Аллах создал и подготвил вечна среќа и уживање. Тие го избраа вистинскиот пат кој ги води до среќата во која уживаат тие кои се блиску до Бога. Да се дојде до таа среќа не е тешко но се бара храброст и одлучност. Тие спознаа дека патот кој ќе ги доведе до рајот е следењето на Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, кој ниту еднаш не изговорил лага, не измамил ниту пак издал некого. Да го слушнеме говорот на Ебу Суфјан пред да стане муслиман: Додека со група од племето Курејш бевме во Шам поради трговија, Херакле испрати по нас човек и бараше да се сретнеме. Тоа беше во времето кога имавме договор за примирје со Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, па неверниците од Курејш и Ебу Суфјан се сретнаа со него во Ерусалим на собир на кој присуствуваа византиски великодостојници. Ги повика заедно со својот преведувач и праша: кој од вас е во најблиско крвно сродство со човекот кој за себе вели дека е Божјиот пратеник? Ебу Суфјан вели: Јас сум му најблизок според крвното сродство им одговорив. Херакле на својот

преведувач му рече, кажи им: Приближете го до мене а неговите сопатници нека бидат зад него. Јас ќе му поставам неколку прашања на овој човек па ако ме излаже кажете ми дека не ја зборува вистината.

Ебу Суфјан вели: Да не се срамев дека ќе ми се припише лага и дека за истото ќе се дознае ќе излажев.

Првото негово прашање беше: Како се цени кај вас неговото потекло?

Тој кај нас има угледно потекло, одговори Ебу Суфјан.

Дали некој друг од вас, претходно, зборувал нешто слично, праша Херакле. Не - одговорил Ебу Суфјан.

Дали некој негов претходник бил владетел? Не бил - одговорил Ебу Суфјан.

Го следат угледните луѓе или обичната (сиромашна и слаба) маса?

Го следи обичната маса – одговорил Ебу Суфјан.

Нивниот број се зголемува или се намалува, било следното прашање.

Нивниот број се зголемува - одговорил Ебу Суфјан.

Дали се случило некој, мразејќи ја неговата вера, да ја напушти истата откако ја прифатил - праша Херакле.

Не - одговорил Ебу Суфјан.

Пред да почне да го зборува ова дали го обвинувавте дека лаже - праша Херакле.

Не - одговорил Ебу Суфјан.

Дали го крши дадениот збор - праша Херакле.

Не, но сега сме во период на (мировен) договор со него и не знаеме што ќе се случи - одговорил Ебу Суфјан. Освен овој

одговор ниту еден друг не ми даде можност да внесам сомнеж, ќе потврди Ебу Суфјан.

Дали сте војувале против него - праша Херакле.

Да - одговорил ЕбуСуфјан.

Каков е исходот на таа војна?

Борбата против него е со променлива среќа, некогаш победуваме ние а некогаш тој - одговорил Ебу Суфјан.

Што ви наредува - праша Херакле.

Ни наредува да го обожуваме Аллах и никого да не го изедначуваме со Него, да го напуштиме она кое го зборуваат нашите предци, да клањаме намаз, да бидеме искрени, да бидеме чедни и да ги чуваме роднинските врски - одговорил Ебу Суфјан.

Тогаш Херакле му рече на преведувачот: Кажи му: те прашав за неговото потекло па ти ми одговори дека неговото потекло е угледно. Такви се сите Божјиот пратеници имаат најдобро (најчисто) потекло.

Те прашав дели некој друг претходно зборувал нешто слично па ти ми одговори одречно. Да беше вистина дека некој друг пред него слично проповедал ќе речев се работи за човек кој следи некого кој слично зборувал претходно.

Те прашав дали некој негов претходник бил владетел. Ти одговори дека не бил. Некој негов претходник да бил владетел ќе речев, ја бара загубената власт на своите предци.

Те прашав дали некогаш претходно лажел, па ти ми рече дека не излажал никогаш. Не е можно некој да не лаже за луѓето па да изговори лага за Бога.

Те прашав дали го следат угледници или обичниот народ. Ти одговори дека го следи обичниот народ. Така е отсекогаш, Божјиот пратеници ги следи обичниот народ.

Те прашав за нивниот број дали се зголемува или се намалува. Ти одговори дека нивниот број се зголемува. Таков е иманот се до неговото комплетирање.

Те прашав дали некој, мразејќи ја верата, истата ја напушта, па ти рече дека тоа не се случило. Таков е иманот кога неговата смиреност ќе завладее со срцето. Те прашав дали го крши договорот, па ти ми рече дека досега не го прекршил. Такви се Божјиот пратеници тие не го прекршуваат дадениот збор.

Те прашав што ви наредува па ти ми рече дека ви наредува да го обожувате Аллах, никого да не изедначувате со Него, ви забранува да обожувате идоли, ви наредува намаз, искреност и чедност. Доколку ова што го зборуваш е вистина тој ќе завладее со земјата која е под моите нозе.

Знаев дека Божјиот пратеник ќе се појави но не мислев дека ќе биде токму од вашиот народ.

Кога би знаел дека ќе стигнам до него би се потрудил да се сретнеме, па кога би го сретнал би му ги измил стопалата.

Потоа го побара писмото кое Дихје му го достави на владетелот на Бусра, и кога му беше донесено почна да чита:

Во името на Аллах Семилосниот Милостивиот

Од Мухамед, Божјиот роб и пратеник до Херакле владетелот на византијците.

Божјиот мир нека е со оние кои го следат упатството.

Те повикувам со исламскиот повик, прими го исламот и ќе бидеш спасен и ќе бидеш двојно награден, а ако одбиеш врз тебе ќе тежи твојот грев и гревот на твоите следбеници.

*Кажи: „О, следбеници на Книгата, дојдете да се собереме околу зборот, и нам и вам заеднички, никого освен Аллах да не обожуваме, ништо да не Му здружуваме, и еднисодруги, покрај Аллах, за божества да не се сметаме!“Па ако не се согласат, вие кажете: „Бидете сведоци дека ние сме муслимани!“*

Ебу Суфјан додаде: кога Херакле заврши со тоа кое сакаше да го каже и со читањето на писмото се слушна врева и се подигнаа гласовите. Нас не изнесоа а јас на другарите им реков дека угледот на Ибн Еби Кебше (Мухамед, Аллаховиот благослов и мир нека се со него) се зголемил и од него се плаши и кралот на бизантијците.

По таа случка знаев дека победата не Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*, е неизбежна се додека не го примив исламот.

Ибн Назур управителот на Ерусалим и бискупот на сириските христијани ни раскажува дека еден ден Херакле дошол во Ерусалим и кога се разбудил бил видно нерасположен па патријархите рекоа дека нешто не е во ред со Херакле.

Ибн Назур вели дека Херакле бил астролог и дека кога го прашале зошто е нерасположен тој им одговорил дека таа ноќ во ѕвездите видел победа на кралот на обрежаните, па прашал кој народ се обрежува. Патријархите му одговориле дека тоа го прават евреите и да не се вознемирува поради нив. Доволно е да наредиш во сите градови да се убијат евреите го посоветуваа. Додека сеуште разговараа за тоа пред Херакле доведоа човек кој го испратил владетелот на Гасан со информации за Божјиот пратеник, *Аллаховиот благослов и мир нека се со него*. Кога го испраша Херакле им на неговите рече одете и проверете дали е обрежан. Кога видоа дека е обрежан му ја доставија на Херакле таа вест, а

тој праша дали арапите се обрежуваат на што доби потврден одговор. Тогаш Херакле рече: Ова е кралот на овој народ (на арапите) веќе се појавил.

Потоа Херакле му напиша писмо на својот другар во Румија кој му беше рамен по знаење а потоа тргна кон Хомс, и додека сеуште беше на пат му дојде одговорот на другарот кој се согласува дека Божјиот пратеник се појавил и дека тој навистина е Божјиот пратеник.

Херакле ги повика великаните на Византија во својот дворец во Хомс, нареди да се затворат портитеи им се обрати:

народе на Византија дали сакате да бидете спасени, дали сакате да бидете на правиот пат, дали сакате трајност на вашата власт, тогаш заколнете му се на верност на овој Пратеник.

Тие се нафрлија кон портите како диви магариња и видоа дека се затворени. Кога Херакле ја виде нивната реакција и загуби надеж дека ќе поверуваат ги повика назад и им рече дека тоа што им го рекол претходно, го рекол за да ја стави на тест нивната цврстина и приврзаност кон верата. Рече: Се убедив во вашата приврзаност а тие паднаа ничку пред него и искажаа задоволност со него.

Ова е последното од случката со Херакле кое го пренесуваат Салих ибн Кејсан, Јунус и Ма'мер од Зухри.[36]

www.islamland.com

[36] Бухари, том 1 стр. 10.



ISLAM LAND
GROW GOODNESS BY YOUR HAND
EXPLORE ISLAM IN ALL LANGUAGES
You Tube
WWW.ISLAMLAND.COM